*FOR IMMEDIATE RELEASE*
May 18, 2007
Press office: +389 (0)2 3115-244
Email: info@fulm.com.mk
www.fulm.com.mk

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

## 10 години ФУЛМ,
## 10 години успешни штедно кредитни унии

Здружението на Граѓани ФУЛМ со седиште во Скопје со големо задоволство го прослави 10 годишното успешно работење. На пригодната прослава која се одржа во хотел Јадран, учествуваа повеќе од 200 гости од Македонија . Специјални плакети беа доделени на 21 член кој го втемелија развојот на штедно кредитни унии во Македонија. Специјално признание беше дадено на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за Меѓународен развој (USAID), Светскиот Совет на Кредитни Унии (WOCCU) и Лигата на кредитни унии на Мичиген (MCUL) , за нивата визија во развојот на ФУЛМ. Здружението на граѓани ФУЛМ со финансиска помош од Агенцијата на Соединетите Американски Држави за Меѓународен развој (USAID) и техничка помош од Светскиот Совет на Кредитни Унии (WOCCU), ја основа на Штедилница ФУЛМ која денес брои шест филијали, приближно 7,000 корисници на услуги и депозити во македонски денари чија вредност изнесува преку 143 милион денари.

“Денес повеќе од 6500 луѓе од цела Македонија се членови на интернационалното семејство кое брои повеќе од 157 милиони луѓе во 92 земји. Членови на штедно кредитни унии од цел свет имаат иста цел; да се создаде поразличен свет во пресрет на потребите и желбите на нашата заедница, претворајќи ги зборовите во акција. Горди сме што сте и Вие дел од нас”, беше пораката упатена до сите членови на ФУЛМ.

Здружението на граѓани ФУЛМ преку Штедилница ФУЛМ докажа дека македонските граѓани полека, но сигурно ја повратуваат довербата за штедење во финансиските институции како што и е Штедилница ФУЛМ. Моментално во Штедилница ФУЛМ има повеќе од 6.500 штедачи.

## Белешка до уредниците

*Штедно кредитните унии се кооперативи кои обезбедуваат еднаков глас и финансиска сигурност за повеќе од 157 милиони членови во 92 земји во светот. Тие се поседувани и управувани од членовите, претставувајќи безбедно место за штедење и овозможувајќи лесен пристап до кредитни услуги. Штедно кредитните унии интернационално, се признаени како сила која се стреми кон позитивни економски и социјални промени и кои постигнаа голем успех кај сите нации. Тие се формирани врз база на принципот еден член/еден глас, овозможувајќи им ја на членовите можноста директно да ја искусат демократијата.*